РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/2002“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“), а во врска со член 17-а, став 7 и член 26-а од законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ број 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Сл.весник на РСМ број 275/19, 89/22, 274/22 и 193/25“), член 21 став 1 точка 42 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“) и Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен односно надзорен одбор на јавните претпријатија („Сл.весник на Република Северна Македонија број 213/2024“), Градоначалникот му предлага на Советот на општина Виница, да донесе:

ПРЕДЛОГ - РЕШЕНИЕ

За формирање на Комисија за селекција за избор на членови во Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Кале“ - с.Блатец, Виница

Член 1

За членови на Комисијата за селекција за избор на членови во Управен и Надзорен одбор на Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Кале“ - с.Блатец, Виница, се именуваат:

1.Кире Андреев Претседател, вработен во општина Виница
- Благица Ристова Заменик Претседател, вработена во општина Виница
2.Луиза Алексова Член, вработена во одделение за човечки ресурси во општина Виница
- Златко Стефановски Заменик член вработен во одделение за човечки ресурси во општина Виница
3. Член вработен во Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Кале“ - с.Блатец, Виница
- Заменик член вработен во Јавно претпријатие за комунално-производни и услуќни работи „Кале“ - с.Блатец, Виница

Член 2

Комисијата од член 1 на ова Решение е должна да ја спроведе постапката за селекција на кандидати по објавениот Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член во Управен одбор на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Кале“ - с.Блатец, Виница и Правилникот за формата и содржината на Јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен односно надзорен одбор на јавните претпријатија.

Член 3

Комисијата изготвува ранг - листа со предлог на кандидати за член на Управниот одбор на Јавното претпријатие која ја доставува до основачот на Јавното претпријатие заради донесување на Одлука за именување на член на Управниот одбор на Јавното претпријатие.

Член 4

Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Предлагач
Градоначалник,
Дипл.екк.Митко Костадиновски